*Република Северна Македонија*
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА***
*Бр. 05-4519/2*
*30. 10. 2019 2019 година*
*Скопје*

*Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година, **по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски** ја донесе следната:*

***ОДЛУКА***
***за јавна набавка***

*1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка за набавка од мала вредност за јавна набавка на стоки и тоа: набавка на стоки - Обновување на лиценци на софтвер за антивирусна и антиспам заштита на клиентски работни станици и сервери за потребите на Министерството за правда.*

*1.1.Предмет (вид) на набавка: набавка на стоки - Обновување на лиценци на софтвер за антивирусна и антиспам заштита на клиентски работни станици и сервери за потребите на Министерството за правда.*

*1.2. Предметот на набавка е неделив.*
*Предметот на набавката е неделлив бидејќи за услуги од ист вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што услугите кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.*

*2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 480.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 86.400,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 566.000,00 денари*

*Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424-договорни услуги, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2019/2020 година.*

3. *Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка*

*Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка за набавка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.*

4. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.***

5. *Плаќањето ќе биде вирмански, по извршената услуга на предметот на набавката во законски утврдениот рок од денот на приемот на фактурата во архивата на Министерство за правда.*

6. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.*

7. *За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:*

| |
|---|
| 1. *Никола Бабановски - **претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 2. *Нофка Стојанова –**член на комисија за јавни набавки*** |
| 3. *Теута Бериша – **член на комисија за јавни набавки*** |

| |
|---|
| 4. *Петар Мирковиќ - **заменик претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 5. *Марина Миновска– заменик член на комисија за јавни набавки* |
| 6. *Даниела Анѓеловска – заменик член на комисија за јавни набавки* |

8. *Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.*
9. *За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.*

10.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-692/1 од 28.01.2019 година и Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е набавка на стоки - Обновување на лиценци на софтвер за антивирусна и антиспам заштита на клиентски работни станици и сервери за потребите на Министерството за правда, кој предмет на набавка не е делив. Предметот на набавката е неделлив бидејќи за услуги од ист вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што услугите кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во **вкупен износ од** 480.000,00 ден без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 86.400,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 566.400,00 денари.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение